UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2016, ISSUE NUMBER 1

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 1 VOLUME I

YEAR 2016

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2016, Issue Number 1**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
Postdoc Research Fellow at Seconda Università degli Studi di Napoli and Academic Assistant of the Jean Monnet Centre of Excellence on Migrants Rights in the Mediterranean at the University of Naples "L'Orientale", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Danica Gavrilovska-Atanasovska
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A, PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

**С О Д Р Ж И Н А**

**Панче АНДОВ**
ПРАВНИ ОСНОВИ СО КОИ СЕ РЕГУЛИРА МАТЕРИЈАТА
ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................................ 5

**Боби ГИДИОСКИ**
КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА
ЛЕГИСЛАТИВИ СО ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ ............................... 31

**Бранка ДЕНКОВА**
ВЛИЈАНИЕТО НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ФАКТОРИ
ПРИ ИЗБОР НА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ ............................. 47

**Нада ДОНЕВА**
**Александра АНГЕЛОВСКА**
ПОИМ И КАЗНЕНО-ПРАВНА УРЕДЕНОСТ НА
СЕКСУАЛНАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦА
ВО ДОМАШНИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ .......................................... 55

**Катерина ЃОРГИЕВА**
ПРАВА НА ОБВИНЕТИОТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА .... 73

**Катерина ЃУРКОВА**
БАНКАРСКАТА ГАРАНЦИЈА КАКО ПОСЕБЕН ВИД
НА ГАРАНЦИЈА ........................................................................... 87

**Јулијана ИВАНОВА**
УПАТСТВА – ПРАВИЛА ЗА СПОГОДУВАЊЕ ............................ 99

**Владимир ИГНАТОВ**
ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ
ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И ЕУ ..................................................... 109

**Antonia IZZO**
THE ABU OMAR CASE: EUROPEAN COURT OF HUMAN
RIGHTS VS STATE SECRET DOCTRINE ....................................... 131

**Слаѓана ЈОВАНОВСКА-РУНЧЕВСКА**
ПРАВНА РЕГУЛАТИВА И ПРАВНА ПРАКТИКА ЗА НАДОМЕСТ
НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПРЕД ОСИГУРИТЕЛНИТЕ
КОМПАНИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА......................... 143

**Луција КАШУБА**
ДОГОВОР ЗА ФРАНШИЗА – ПРАВНА ОСНОВА ЗА ПОСТОЕЊЕ
НА ФРАНШИЗИНГОТ КАКО ДЕЛОВНА АКТИВНОСТ .......... 155

**Niko KITANI**
THE DEVELOPMENT AND INDEPENDENCY OF THE MEDIA
IN REPUBLIC OF ALBANIA (1990-2015) ...................................... 169

**Сузана КОСТОВА-КОЦЕВА**
ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА ПРИТВОР
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА................................................ 177

**Дарко МАЈХОШЕВ**
МЕЃУНАРОДНИ И РЕГИОНАЛНИ ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ
ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА
(КОРУПЦИЈАТА) .................................................................. 209

**Маја МАЛАХОВА**
КАЗНЕНО-ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ СО
ПОСЕБЕН АКЦЕНТ ВРЗ ВОНКРИВИЧНИТЕ ПРОПИСИ........ 221

**Александар МАЛИНОВ**
ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВОТО
НА ЕДНАКВА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 235

**МИТРЕВА Рената**
СМРТНА КАЗНА ................................................................... 245

**Anna MYKYTENKO**
PRACTICE OF GENOCIDE PUNISHMENT AND PREVENTION:
STRENGTHS AND WEAKNESSES OF THE INTERNATIONAL
CRIMINAL TRIBUNAL FOR THE FORMER YUGOSLAVIA IN
COMPARISON TO THE INTERNATIONAL COURT OF JUSTICE 259

**Васко НИКОЛОВ**
ПРАВНА РАМКА ЗА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА................................................ 269

**Сергей РЯПОЛОВ ВЛАДИМИРОВИЧ**
В.Н. КАРПОВ И «ПЛАТОНИЧЕСКАЯ ТРАДИЦИЯ»
В РОССИИ ........................................................................... 281

**Маја СТОЈАНОВА**
ИЗБОРНИТЕ ВЕТУВАЊА И ПОСТИЗБОРНАТА РЕАЛНОСТ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ
НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ СПОРЕД ИЗБОРНАТА ПОНУДА . 293

**Далибор ТРАЈКОВ**
ИЗВИДИ ОВЛАСТУВАЊА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРАВОСУДНАТА
ПОЛИЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ОДНОСИ СО ЈАВНОТО
ОБВИНИТЕЛСТВО ВО ПРЕДИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА..... 307

**Марија ШТЕРЈОВА**
КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ ................................... 319

**Нада ДОНЕВА**[1]
**Александра АНГЕЛОВСКА**[2]

**УДК:364.633-053.2:340.13(497.7)**

# ПОИМ И КАЗНЕНО-ПРАВНА УРЕДЕНОСТ НА СЕКСУАЛНАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦА ВО ДОМАШНИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ

**Апстракт:** Секојдневно безбедноста и благосостојбата на многу деца во светот се загрозени од различни облици на злоупотреба и запоставување. Сексуалната експлоатација е една од најтешките манифестни форми на злоставување на децата, која остава тешки и долгорочни последици по нивниот раст и понатамошен развој. Злоупотребата од ваков вид се случува глобално и особено загрижувачки е фактот дека поголемиот дел од случаите на виктимизација остануваат непознати за јавноста и институциите на системот надлежни за заштита на детските права. Без оглед на состојбата која не е охрабрувачка, секојдневната прогресија на општествените движења, проследена со континуиран техничко-технолошки напредок во секоја пора од човековото живеење, во континуитет наметнува обврска за справување со феноменот сексуална експлоатација и облиците на сексуално злоупотребување на децата, како последица на неконтролираниот и нерегулиран пристап до комерцијализираните содржини и сериозна закана за општеството во целина. Ваквите состојби бараат континуирано изнаоѓање на нови превентивни мерки и механизми за надминување на проблемот. Заради спречување, намалување и заштита на децата од оваа злоупотреба потребна е повеќекратна и диференцирана општествена реакција во насока на креирање правна рамка соодветна на неопходноста од превенција, заштита, санкционирање, рехабилитација и придонес во однос на добросостојбата на децата без дискриминација. Доследната имплеметација на законските одредби, од друга страна, подразбира постоење на разработен систем од заштитни интервенции, кој пред сè ќе опфаќа различни нивоа на превенција, а потоа и механизми за откривање, односно препознавање на злоставувањето, испитување на случаите, обезбедување на непосредна правна, здравствена, социо-психолошка заштита и рехабилитација на злоупотребените деца, но и соодветно казнување на сторителите.

[1] Кандидат на Школата за докторски студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

[2] Кандидат на Школата за докторски студии, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Клучни зборови:** *дете, сексуална злоупотреба на деца, законска регулатива, мерки на превенција*

**Nada DONEVA**
**Aleksandra ANGELOVSKA**

## DEFINITION AND CRIMINAL - LEGAL REGULATION OF SEXUAL EXPLOITATION OF CHILDREN IN THE DOMESTIC LEGAL SYSTEM

**Abstract:** The safety and welfare of many children worldwide are threatened by various forms of abuse and neglect daily. Sexual exploitation is one of the hardest manifest forms of child abuse that leaves severe and long - term consequences on their growth and further development. This kind of abuse happens globally and the fact that the majority of cases of victimization remain unknown to the public and institutions responsible for the protection of children's rights is particularly worrying.  Regardless the situation that is not encouraging, the daily progression of social movements, followed by continuous technical - technological progress in every pore of humans life, continuously imposes the obligation of dealing with the phenomenon of sexual exploitation and the forms of child sexual abuse as an uncontrolled and unregulated access to commercialized content consequence and a serious threat to society. These conditions require continuous identification of new preventive measures and mechanisms to overcome the problem. In order to prevent, reduce and protect children from abuse, an multiple and differentiated social reaction towards creating a legal framework appropriate to the necessity of prevention, protection, punishment, rehabilitation and contribution to the welfare of children without discrimination is required. On the other hand, the consistent implementation of legal provisions, implies existence of an elaborate system of protective interventions, which will primarily cover and provide different levels of prevention, mechanisms to detect or recognize abuse, examination of cases, a direct legal, medical, socio - psychological protection and rehabilitation of abused children, and appropriate punishment of perpetrators.
**Key words:** *child, child sexual abuse, legislation, preventive measures*

### Вовед

Децата се субјекти на насилство секојдневно, насекаде низ светот. Тие се жртви на физичка, емотивна или сексуална злоупотреба и експлоатација, која предизвикува сериозни последици во понатамошниот психосоцијален развој на кревката детска индивидуа. Злоупотребата е збунувачка, застрашувачка и болна, а неретко негативните ефекти се провлекуваат и низ зрелите години на злоупотребените деца.

Според податоците со кои располага ECPAT International[3], околу 1,8 милиони деца ширум светот се експлоатираат во проституција или порнографија, а повеќе од 20% од жртвите на трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација се деца. И покрај тоа што во Р. Македонија за овој проблем малку се зборува, повеќе од сигурно е дека сексуалната експлоатација на деца постои, а особено загрижува фактот дека најголемиот број од овие случувања остануваат непознати во јавноста. Секојдневните нови случаи на сексуална експлоатација на деца за комерцијални цели наметнуваат обврска за навремено реагирање на засегнатите општествени структури и ангажирање на сите расположливи капацитети за заштита на детските права. Како резултат на ова неминовно се наметна потребата за започнување со процес на преземање на легислативно-институционални мерки и активности во насока на усогласување на постоечката законска регулатива со предизвиците и нус-појавите кои ги носи брзиот општествен развој. Во поново време, проблемот дополнително добива на значење со забележливиот напредок на современите информатички и комуникациски технологии кои се наметнаа како криминоген фактор и придонесоа за продуцирање на нови облици на сексуален криминалитет во кој децата се жртви.

Присутноста на проблемот на меѓународно ниво го прави универзален и токму затоа едногласни се сфаќањата дека се потребни заеднички напори за негово надминување преку кодифицирање на националните законодавства во согласност со бројните меѓународни документи кои ја уредуваат оваа проблематика, но и создавање на инститиционална мрежа во функција на целосно имплементирање на законската регулатива за заштита на детските права. Ефикасното и навремено интервенирање во насока на заштита на животот на овие деца и нивните семејства, не е во надлежност на една институција или посебна општествена група, туку е заедничка обврска на целокупната општествена заедница. Ова значи дека заштитата на децата и промовирањето на нивната благосостојба треба да се сфати како колективна одговорност насочена кон промовирање и развивање на детскиот потенцијал, преку гарантирање на правото на безгрижно детство и правилен физички и психички развој.

3) ECPAT (End Child Prostitution, Child Pornography and Trafficking of Children for Sexual Purposes) е невладина организација и глобална мрежа на општествено-граѓански организации посветени исклучиво на прекинување на комерцијалната сексуална експлоатација на деца (CSEC), која се состои од Секретаријат и 80 организации членки во 75 држави, формирана во 1990 година во Бангкок, Тајланд, како тригодшна кампања фокусирана на прекинување на комерцијалниот аспект на сексуална злоупотреба на деца. Нејзината работа е фокусирана на прекинување на четирите основни манифестации на CSEC: детска порнографија, експлоатација на децата во проституција, трговија со деца за сексуални цели и детски секс туризам.

**Поимно определување**

Поимното определување и утврдувањето на севкупната феноменолошка разноликост на сексуалната експлоатација на деца е клучен момент во обезбедувањето научна рамка за разбирање и унапредување на криминалната политика за заштита на децата од сексуална виктимизација. Ова особено добива на значење ако се има предвид дека станува збор за криминалитет во пораст со бројни карактеристики што го чинат потежок и посложен за откривање, спречување и превенирање. Токму заради тоа предизвикот за поимното определување на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца пропорционално се зголемува со мултиплицирањето на појавните облици на овој вид криминалитет, што го квалифицираат како комплексен општествен феномен за дефинирање, регулирање и превентивно дејствување.

Сексуалната експлоатација на деца вклучува различни форми на противправни поведенија, чија цел е вклучување на деца во сексуални активности со возрасни или други сексуални поведенија кои од нив ги бараат возрасните, а за возврат добиваат материјални добра како што се пари, храна, сместување, дрога, алкохол, цигари, подароци и сл. Во сите случаи, искористувањето на детето за сексуални цели се заснова на моќта што ја имаат возрасните над децата како резултат на нивната ранливост која се должи на возраста и нивниот интелектуален капацитет, физичката сила и економските или други ресурси.[4] Честопати насилството, принудата и заплашувањето се вообичаени елементи на сексуалната експлоатација, а вклучувањето на детето во ваков облик на експлоататорски односи е резултат на ограничените можности за избор на младите луѓе, последица на нивната општествена, економска или емоционална ранливост. Заедничката карактеристика на сексуалната злоупотреба и сексуалната експлоатација како облици на сексуално насилство врз деца е тоа што децата најчесто не ја признаваат насилната и наметнатата природа на односот и не се гледаат себеси како жртви на злоупотреба.[5]

Според дефинициите и теоретските определби во домашната и меѓународната регулатива, речиси едногласно е прифатено дефинирањето на поимот ***сексуална експлоатација*** како облик на сексуално насилство врз децата за парични или други комерцијални цели кој во себе вклучува:

- Организирана трговија со деца манифестирана како нивно купување

[4] Hillingdon local safeguarding children board. (2015). Child Sexual Exploitation Prevention and Intervention Strategy 2015. London, 4 - 5.

[5] Правилното перципирање и разбирање на преживениот настан на сексуално насилство и експлоатација кај децата се случува подоцна, најчесто откако престанал процесот на виктимизација. Ова од причини што голем број деца кои преживеале некој облик на секусална злоупотреба во раното детство честопати поради степенот на психосоцијален развој не се свесни за тоа што им се случува, па правилната слика за доживеаното случување ја имаат многу подоцна во животот.

или продавање за сексуални цели која вклучува цела мрежа на набавувачи, бордел чувари, макроа и сл.;

- Експлоататорско користење на децата во проституција;
- Експлоататорско користење на децата во порнографски претстави и материјали.

Ваквата експлоатација на деца поради присуството на елементот на добивка се нарекува комерцијална сексуална злоупотреба на деца. Терминот „комерцијална сексуална злоупотреба на деца" е дефиниран во Стокхолмската декларација како сексуална злоупотреба на деца од страна на возрасни и давање за таа сметка материјален надомест во готово или во натура на детето или пак на некоја трета личност која посредува при злоупотребата. Ова укажува на тоа дека постојат некои форми на сексуална злоупотреба на деца поврзани со плаќање во готово или во натура, имплицирајќи некоја добивка или размена на вредност, а не мора да значи дека тоа се секогаш пари. И додека во оваа дефиниција доминира поимот „комерцијална", други автори се соочуваат со дилемата дали ваквата квалификација може да ги опфати сите облици на експлоатација, претпочитајќи притоа да признаваат и други различни форми на експлоатација во кои комерцијалниот момент не е секогаш клучен во објаснувањето на суштината на проблемот. Ова значи дека во казнената теорија не се исклучуваат други форми на сексуална експлоатација кои не се нужно комерцијални, но сепак истражувањата потврдуваат дека најголемиот процент од случаите на сексуална експлоатација на деца, сепак се поврзани со определена добивка, независно дали е во парични средства или во натура.

**Облици на остварување на сексуалната експлоатација на деца**

Сексуалната експлоатација на деца вклучува широк спектар на активности кои по својата природа се противправни. Во научната теорија е прифатено нивното групирање во три основни категории: детска проституција, детска порнографија и трговија со деца за сексуални цели.

***Детската порнографија*** вклучува содржини од деца или делови од детското тело во реални или симулирани сексуални активности, заради сексуално задоволување на широка популација на која и се достапни преку средствата за масовна комуникација. Порнографските материјали вклучуваат фотографии, видеа, филмови, слајдови, списанија, книги, цртежи, видеокасети, компјутерски дискови или датотеки кои се достапни на јавноста преку каков било облик на пренос на податоците. Овој феномен предизвикува оправдана загриженост во последните години паралелно со зголемената употреба на интернетот, а проблемот добива на значење ако се земе предвид фактот дека порнографскиот материјал сè повеќе станува лесно достапен и исклучително бргу се зачувува и распространува на

социјалните мрежи. Детето е потенцијална жртва на детска порнографија на интернет како случаен гледач или преку сопствени активности, односно како субјект на фотографии достапни на интернет.[6]

Детската порнографија на која детето може да биде изложено е во форма на текст, слика или комуникација преку таканаречените Internet relay „chat rooms" - „виртуелните простории за разговор". Ваквите алатки на современа комуникација се исклучително опасни, бидејќи му овозможуваат на корисникот да се скрие зад лажен идентитет или возраст и на тој начин многу лесно да го доведе детето во искушение да ги даде вистинските лични податоци, што може да доведе до ситуација на експлоатација преку реално вклучување во проституција и/или порнографија. Распространувањето на детска порнографија на интернет е особено забележливо на веб-страниците, огласните табли и сајтовите за новости. Експлицитни фотографии од деца, понекогаш и на возраст од осум или девет години, можат лесно да бидат преземени од интернет, а истите се произведуваат и распространуваат со цел да го направат општеството помалку чувствително на ваквата појава и да испратат порака дека децата се легитимни секс - партнери. Порнографските сајтови се едни од најпосетените на интернет. Одредувањето на процентот на корисници на детска порнографија е отежнато со скривањето на детската порнографија под порнографијата на возрасните и со заштитувањето со помош на уреди кои го отежнуваат идентификувањето, што го покажува стремежот на промоторите на сексуална експлоатација на деца да бидат експерти во техничка смисла во однос на зачувување на приватноста и анонимноста.

***Детската проституција*** се дефинира како облик на сексуална експлоатација во кој определена група на лица заработуваат од комерцијални трансакции во кои децата се користат за сексуални цели. Кога станува збор за детска проституција, синџирот на лица кои остваруваат бенефит од ваквите активности е голем - макроа, подведувачи, посредници, родители, сопственици на хотели и др. Вклучувањето на децата во организирана проституција не е секогаш присилно. Честопати децата стануваат жртви на овој облик на комерцијална сексуална експлоатација со цел задоволување на основните животни потреби, како храна, дополнителни приходи, засолниште или безбедност или за добивање на услуги како повисоки оценки на училиште и сл. Уште почести се ситуациите во кои, за жал, децата не добиваат ништо, а се вклучуваат во проституција заради задоволување на основните животни потреби на оние кои смислено ги втурнале во тоа, како што се родителите или други членови на поблиското семејство.

[6] Calcetas - Santos, O. (2001). *Child Pornography on the Internet. Child Abuse on the Internet: Ending the Silence*. Paris: The United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization. 57.

***Трговијата со деца за сексуални цели*** подразбира прекугранично или внатрешно регрутирање, транспорт, трансфер, засолнување и прифаќање на децата заради сексуална експлоатација.[7] Понекогаш децата се жртви на трговија со нивна согласност или со согласност на нивните родители, но почесто присилно се вклучуваат во овој облик на експлоатација како резултат на тоа што се измамени, принудени или киднапирани. Сепак, слично како и кај сите останатите форми на сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација, прашањето за согласност е ирелевантно во квалификувањето на состојбите како криминални поведенија. Денес глобалната компјутерска комуникациона мрежа е основно средство за трговија со жени и деца, која во голема мера се користи за размена на детални информации за тоа каде може да се најдат деца кои ќе се користат за сексуални услуги, каде се наоѓаат макроата кои посредуваат во давањето сексуални услуги од таков вид, за сексуалните услуги кои можат да се добијат и цената на секој поединечен акт. Child grooming[8], односно процесот на зближување со дете од страна на возрасен во насока на придобивка на неговата и довербата на неговото семејство со намера за негово сексуално искористување е еден од најчесто применуваните инструменти развиени за целите на комерцијаната сексуална експлоатација. Сторителот на дело на сексуална експлоатација на овој начин, најпрвин ја разделува жртвата од нејзините врсници, обично со поттикување на чувство кај детето дека тоа е посебно за него, давајќи му ја сета потребна љубов и внимание. Поаѓајќи од фазите на дејствување[9], станува збор за постепен, пресметан процес, кој ги внесува децата во свет во кој тие се веќе подготвени на сексуална злоупотреба. Откако ќе се случи сексуална злоупотреба, сторителите дејствуваат во насока на одржување на континуираното учество на детето во неа со цел тоа да не се повлече од врската, што би значело и крај на емоционалните и материјалните добра кои произлегуваат од неа.[10]

---

7) ECPAT International. (2006). *Protecting Children from Sexual Exploitation & Sexual Violence in Disaster & Emergency Situations: A guide for local & community based organizations*, 11.

8) Child Grooming - намерно преземени активности во насока на спријателување и воспоставување емоционална врска со детето, со цел да ги намали инхибициите на детето во насока на негова сексуална злоупотреба. Зближувањето може да се користи за намамување на дете во трговија со деца, во недозволените бизниси, како што се детската проституција или производството на детска порнографија, а ваквото однесување е особено карактеристично за педофилијата.

9) Процесот child grooming се остварува низ следниве фази на дејствување од страна на возрасниот во однос на детето: 1. Одбирање на жртвата; 2. Стекнување на довербата на жртвата; 3. Исполнување на потребите на детето; 4. Изолирање на детето; 5. Унапредување на сексуалноста на врската; 6. Одржување на контрола.

10) http://www.oprah.com/oprahshow/Child-Sexual-Abuse-6-Stages-of-Grooming

**Казнено-правна уреденост на сексуалната експлоатација на деца во Р. Македонија**

Уставот на Р. Македонија не содржи одредби кои се однесуваат специјално на злоупотребата на децата, вклучително и сексуалното насилство и експлоатација. Сепак, долгиот список на човекови права обезбедува нивна заштита и го гарантира правото на живот и правото на физичко и морално достоинство (член 10 и член 11), а особена заштита се предвидува за семејството, мајките, децата и малолетните лица (член 42) како посебно важни категории кои уживаат уставна заштита. Заштитата на детето од сексуална злоупотреба во домашниот правен систем се имплементира преку два система: систем на кривично право и систем за социјална, детска и здравствена заштита. Кривично-правната заштита на децата жртви на сексуално насилство и експлоатација е опфатена со Кривичниот законик[11] и Законот за кривична постапка[12]. Во делот кој следува е разработена казнената законска регулатива од општиот дел и соодветните казнени дела од посебниот дел на КЗ, регулирани во деветнаесеттата глава која ги опфаќа кривичните дела против половата слобода и половиот морал. Во насока на исполнување на обврските од ратификувањето на меѓународните документи и остварување на поставената цел - евроинтеграција на ЕУ, која претпоставува хармонизација на домашното законодавство со законодавството на државите-членки на Европската Унија, законодавецот изврши измени на КЗ, при што значително ги заостри казните кои се однесуваат на кривични дела сторени врз малолетни лица, вклучувајќи и казна доживотен затвор за тешки облици на сексуално насилство врз деца.

Кривичниот законик на РМ во 2008 година[13] добива неколку нови дефиниции на поими чие законско врамување и регулирање е резултат на сѐ поголемото инволвирање на децата во криминални дејствија, а особено преку лесно достапните и нецензурирани содржини, чие пласирање медиумите не успеваат да го контролираат и направат недостапно за најранливата категорија - децата. Притоа, член 122, став 20 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик прв пат ги дефинира поимот „жртва“ воопшто и поимот „дете - жртва“. Според законската дефиниција, под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое

11) Кривичен законик на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15.

12) Закон за кривичната постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 150/10, 100/12.

13) Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Македонија 07/08.

претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права, како последица на сторено кривично дело (став 20), додека под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години. Наведените дефиниции ја покажуваат усогласеноста на македонското казнено законодавство со меѓународните ратификувани документи, во поглед на дефинирањето на поимот дете според Конвенцијата за правата на детето.[14] Придвижувајќи се да одговори на барањата на модерното општество и неговите облици на поврзување и комуникација помеѓу луѓето, во овој контекст и најмалите, Законот за изменување и дополнување на КЗ од 2008 година внесува дефиниција и на поимите детска порнографија[15], компјутерски систем[16] и компјутерски податоци[17]. Во посебниот дел на КЗ кој се однесува на кривични дела против половата слобода и половиот морал, односно на оние кои претставуваат дејствија на сексуална злоупотреба на деца, Законот претрпува чести измени раководени од единствената цел превенција на сите облици на сексуална злоупотреба на деца преку заострување на санкциите за извршителите на кривични дела со кои се повредуваат правата на најзаштитената категорија - децата. Модернизацијата на современото општество во своите текови несомнено ги вклучува и најмалите негови чинители и ги изложува на сите ризици од постојаното унапредување на човековото живеење. Забележливиот напредок на современите информатички и комуникациски технологии се наметнаа како криминоген фактор во сексуалната злоупотреба на деца и придонесе за продуцирање на нови облици на сексуален криминалитет на штета на децата. Масовното вклучување на децата во електронските комуникации, покрај позитивни

14) Според член 1 од Конвенцијата за правата на детето (Convention on the Rights of the Child, United Nations, 20 November 1989), детето е човеково суштество кое нама навршено осумнаесет години на животот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано.

15) Според член 122, став 21 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Македонија 7/2008, под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник или очигледни полови дејствија со лице кое изгледа како малолетник, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник.

16) Според член 122, став 21 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Македонија 7/2008, под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.

17) Според член 122, став 21 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Македонија 7/2008, под компјутерски податоци се подразбира презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутерски систем, вклучувајќи и програма подобна компјутерскиот систем да го стави во функција.

страни, продуцира и потенцијален ризик да станат жртви на компјутерска детска порнографија, како почеток на нивно инволвирање во останатите облици на сексуална злоупотреба и експлоатација. Во оваа смисла се опфатени оние кривични дела чиј број во статистичките податоци за вкупноста на криминалитетот на ниво на држава е значително зголемен пропорционално на развојот на технологијата и нејзиното незауздано зафаќање во најголем дел од времето на поединецот, а особено на децата штом ќе ја надмине границата на нормалното искористување на интернет ресурсите.

Непрекинатото заострување на казните за извршителите на кривичното дело од член 191 од КЗ - Посредување во вршење на проституција го отсликува сериозниот пристап на законодавецот кон исполнување на принципот на генерална превенција и спречување на вршење на овој вид криминалитет, поради зголемениот број случаи на детска експлоатација од ваков вид.[18] Како резултат на тоа не престануваат натамошните измени на законскиот текст во насока на заострување на казената политика и санкционирање на извршителите на ова кривично дело.[19] Конзистентен на своите определби кон редуцирање на овој облик на криминалитет, а особено кон сузбивање на вклучувањето на деца во облиците на социо-патолошките појави како проституцијата, порнографијата и во нивни рамки разните злоупотреби на детето и негово оквалификување како жртва на кривично дело, КЗ ја збогатува својата палета на инкриминации со ново кривично дело. Имено, согласно со еволутивниот тренд на кривичното законодавство, условено од евидентниот пораст на случаи во кои како жртви на сексуална злоупотреба во сите нејзини облици се јавуваат децата, Законот за изменување и дополнување на Кривиниот законик од 2014 година[20], со додавање на нов член 191 - а со наслов Детска проституција го пополнува недостатокот од постоење на ваква одредба, која произлегува од Конвенцијата за правата на детето, која ги обврзува државите потписнички да ги штитат децата од сите облици на сексуално

---

18) Член 7 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на весник на Република Македонија 7/2008, ја зголеми долната граница на казнување за основниот облик на делото од шест месеци на една година, па според тоа, тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лица на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција ќе се казни со затвор од една до пет години

19) Член 5 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „Службен весник на весник на Република Македонија“ 139/2008, ја изменува казната за сторителот на основниот облик на делото од став 191 од КЗ - Посредување во вршење проституција, определувајќи го нејзиниот минимум на пет години и доведувајќи го максимумот на казната затвор до десет години.

20) Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „Службен весник на весник на Република Македонија“ 27/14.

искористување и сексуална злоупотреба.[21] Ваквата обврска произлегува и од ратификувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба[22], според која секоја договорна страна треба да ги преземе неопходните законодавни и други мерки за инкриминација на актите на регрутирање на дете во проституција или предизвикување дете да учествува во проституција, експлоатирање на дете за такви цели или кој било акт кој води кон детска проституција[23]. Поимот „детска проституција", Конвенцијата го определува како облик на користење на дете за сексуални активности каде што пари или друга форма на надоместок или ветување е дадено или ветена е друга исплата, без оглед дали оваа исплата или ветување е дадено на детето или на трето лице. Проституцијата е социопатолошка појава од која денешното општество не може да се ослободи, особено поради тоа што постојано ги обновува своите појавни форми, наоѓајќи соодветни општествени услови за вегетирање. Навлегувањето во тековите на оваа појава и следењето на нејзините појавни облици, покажува дека во пракса многу често се случува заедно со други форми на криминал - тепачки, подведувања, кражби, убиства и сл.[24]. Како резултат на постојаната практика на сексуален туризам, на кој особено подложни се децата како најранлива група (девојчињата се несразмерно повеќе застапени во рамки на сексуалното искористување, во однос на момчињата) и поттикнатата продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, законодавецот предвидува казна затвор од најмалку четири години[25] за оној кој врбува, наведува, поттикнува или намамува дете кое наполнило 14 години на проституција или посредува, предава или учествува во предавање на друг заради вршење проституција или овозможува на друг користење на неговите сексуални услуги, или на друг начин го користи за сексуални активности заради остварување на имотна или друга корист. Оваа обврска е резултат на ратификацијата на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на

21) Член 34 од Конвенција за правата на детето, усвоена на Собранието на Обединетите нации на 20 ноември 1989 година.

22) Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse, Committee of Ministry, 12 July 2007, entered into force on 1 July 2010, ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија на 5 октомври 2010 година со Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.

23) Член 19 - Дела во врска со детска проституција од Конвенција на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба.

24) Камбовски, В. (2003). Казнено право - посебен дел. Скопје: Просветно дело АД, 219.

25) Член 191 - а од Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на весник на Република Македонија 27/2014.

деца, детска проституција и детска порнографија[26].

Кривичното дело од член 193 од КЗ - Прикажување на порнографски материјал на дете ја збогатува својата содржина со постојани измени, како во однос на санкциите, така и во однос на определување на санкцијата според возраста на малолетникот - жртва на кривично дело. Законската дефиниција на делото го одредува дејствието на извршување на делото преку продавање, прикажување, со јавно излагање на друг начин правење достапни слики, аудиовизуелни и други предмети со порнографска содржина или прикажување порнографска претстава на дете и за основниот облик на делото, предвидува казна затвор од шест месеци до три години[27], што укажува на ригорозноста во односот со сторителите на ова дело споредено со претходно пропишаните граници на казнување. Во согласност со член 193 став 2 од КЗ, ако делото е сторено преку средства за јавно информирање сторителот ќе се казни со затвор од три до пет години. Овој потежок облик на делото создава проблеми кај квалификувањето на прикажувањето на порнографски содржини преку електронските мас - медиуми (кабловска телевизија итн.). Различните предупредувања (дека некоја програма е само „за возрасни“) не ја исклучуваат противправноста на делото во однос на децата; со оглед дека порнографијата воопшто не е забранета, освен за лица под 14-годишна возраст, треба да се земе предвид дека за овој потежок облик на делото треба да одговара сторителот кој му овозможува на детето да следи таква програма (родителите, други членови на семејството и сл.)[28] И во овој член, законодавецот не ја надминува разликата во возраста на детето во однос на квалификацијата на кривичното дело како основен или потежок облик на делото, па така злоупотребата на деца за детска порнографија како пасивни субјекти на делото, независно дали биле свесни или без нивна согласност и знаење се вклучени во изработување на предмети или порнографска претстава различно се казнува во зависност од возраста на детето.[29] Различна законска квалификација има и присилувањето дете на

---

26) Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the sale of children, child prostitution and child pornography, United Nations, 25 May 2000, entered into force on 18 January 2002, ратификуван од страна на Собранието на Република Македонија на 3 јули 2003 година со Закон за ратификација на Факултатиниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија.

27) Член 9 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „Службен весник на Република Македонија“ 7/2008.

28) Камбовски, В. (2011). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија. Скопје: Матица Македонска, 793.

29) Според член 193 од на Кривичниот законик, „Службен весник на весник на Република Македонија“ 27/2014, тој што ќе злоупотреби дете кое наполнило 14 години за изработување на аудиовизуелни слики или други предмети со порнографска содржина или

детска порнографија, односно најновите измени на КЗ од 2014 година, ја изменува долната граница на казнување на сторителот на делото во зависност од возраста на пасивниот субјект на делото, зголемувајќи го минимумот на санкцијата од четири на десет години затвор доколку на детска порнографија се присилува дете кое не наполнило четиринаесет години. Додавањето на квалификации на делото во смисла на негово прецизирање ја покажува тенденцијата на законодавецот кон остра казнена репресија за новоинкриминираните дела, со цел постигнување на целите на прифатените меѓународни документи и имплементација на нивните одредби на ниво на правото на државата потписничка и усогласеност на домашното законодавство со законодавството на државите-членки на ЕУ.

Производството и дитрибуцијата на детска порнографија претставува особено опасен облик на поттикнување на сексуално насилство врз деца и развивање на ниски сексуални нагони (педофилија), кои во никој случај не можат да се подведат под слободата на половото определување и половите односи.[30] Доследен на правецот во кој ги започна новините, пред сè, со воведување на поимите детска порнографија и компјутерски систем во општите одредби, КЗ измените ги продолжува во посебниот дел и во оваа смисла, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2008 година, воведува нова инкриминација како посебно кривично дело во одредбите на член 193-а со наслов „Производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем“, која претрпе измени во насловот и содржината веќе со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2009 година. Внесувањето на оваа инкриминација во казненото законодавство е во линија на усогласување со одредбите на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија. Со најновите измени на оваа инкриминација во поглед на содржината на истата истовремено се заострени санкциите за извршителите.[31] Последново

за порнографска претстава, како и тој што учествува во претставата, ќе се казни со затвор од три до пет години, а ако пасивен субјект на злоупотребата е дете кое не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години

30) Камбовски, В. Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, 795.

31) Според член 193 – а став 1 од Законот за изменување и сополнување на Кривичниот законик од 14.9.2009 година, тој што произведува детска порнографија со цел за нејзина дистрибуција или ја пренесува или ја нуди или на друг начин ја прави достапна детската порнографија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години, што во корелација со измените од 2008 година во согласност со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 15.1.2008 година, кој предвидуваше казна затвор во траење од три до пет години, ја зголемува казната во оодноc со сериозноста и обемот на овој облик на криминалитет. Оној, пак, кој набавува детска порнографија за себе или за друг или поседува детска порнографија ќе се казни со затвор од пет до осум години (член 193 - а став 2).

е резултат на бурното реагирање на јавноста на ваквите деликти, но и подигањето на свеста на луѓето за нивната штетност и опасност и за потребата од засилена кривично-правна заштита на жртвите на овие дела, посебно на малолетниците, меѓу другото и со вакви *ultima ratio* инструменти кои му стојат на располагање на општеството, делувајќи на планот на специјалната и генералната превенција.[32]

Во насока на оправдување на генералниот заклучок дека законите што се однесуваат на сексуалната злоупотреба на деца се добро поставени[33] е и дополнувањето на КЗ од 2009 година[34]. Ваквото дополнување е во духот на општите постулати и член 23 од Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, според кој секоја договорна страна треба да ги преземе неопходните законодавни или други мерки за инкриминација на намерниот предлог на полнолетен за средба со дете, преку комуникациски технологии, а со цел негово сексуално вознемирување или искористување.

**Заклучок**

Во рамки на прегледот на досегашните научни и практични достигнувања сѐ уште тешко може да се тврди дека постојат средства со кои во целост би се искорениле неприродните сексуални девијации на штета на децата како исклучително деструктивни општествени дејствија, но тоа е само дополнителен повод и мотив за унапредување на механизмите за регулирање на проблемот и овозможување на адекватна заштита и превенција.

Од прегледот на домашното законодавство, забележителен е забрзаниот процес на донесување на нови закони, како и измена и дополнување на веќе постоечките, што главно се должи на процесот на евроинтеграција, кој наметнува потреба од усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди.[35] Позитивната страна е тоа

32) Бачановиќ, О. (2007/2008). Кривични дела на штета на малолетни лица. Годишник на полициската академија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 3.

33) Чачева, В., и Мирчева, С. (2010). Запоставени и жигосани - Анализа на состојбата: Сексуална злоупотреба на деца. Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ, 60.

34) Член 49 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, „Службен весник на весник на Република Македонија“ 114/2009, како новина во казненото законодавство на Република Македонија го инкриминира закажувањето средба или на друг начин намамувањето дете кое не наполнило 14 години на обљуба или друго полово дејствие или на производство на детска порнографија преку компјутерско-комуникациски средства и остварувањето непосредна средба со малолетникот со таквата намера и за сторителот предвидува казна затвор од една до пет години.

35) Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето. (2010). Извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија. Скопје: Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“, 20.

што на овој начин во континуитет се надградува правниот систем со креирање на конкретни инструменти кои гарантираат одредни права како и механизми преку кои тие права може да се заштитат, но она што загрижува е немањето на воспоставен систем за следење на имплементацијата на законите. Активностите на Р. Македонија насочени кон исполнување на обврските од пристапувањето кон меѓународните документи кои ги штитат правата на децата, истовремено претставуваат остварување на насоките и приоритетите утврдени и на национално ниво како би се овозможило запирање на најтешките облици на кршење на детските слободи и права.[36] Во насока на превенирање на проблемот, во Р. Македонија се пристапи кон основање на Центар за побезбеден интернет на национално ниво, чија форма ќе биде утврдена во консултации со целото општество и генерално ќе ги содржи следниве правци: 1. Формирање на Национален интернет провајдер, кој ќе ѝ нуди на јавноста анонимен начин на пријавување на нелегални интернет содржини, вклучувајќи материјали со сексуална злоупотреба на деца; 2. Формирање на Советодавен одбор со претставници од Владата, НВО и бизнис секторот, медиумите, компјутерските и мобилни оператори, како структура одговорна за креирање на политиките на Националниот интернет хотлајн провјадер, креирање на националите стратегии за подигање на свесност итн.; 3.Отворање на линија за помош, која ќе помага да се најдат релевантните информации, да се зголеми знаењето на родителите и децата за самозаштита, да ги води лицата кои сакаат да пријават детска порнографија на интернет, да понуди основна емотивна поддршка на лицата чии деца биле изложени на порнографија на интернет; 4. Формирање на Центар за подигање на свесноста кај локалното население, како одговорен за креирање на национални стратегии за подигање на свесноста за деца, млади, родители и наставници. Меѓу

[36] Владата на Република Македонија во 2008 година формира работна група составена од претставници на релевантните министерства: Министерството за правда, како носител на активностите, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи, со цел изготвување на информација за состојбата со сексуалната злоупотреба на децата и педофилијата во Република Македонија. По усвојување на Информацијата за состојбата со сексуална злоупотреба на деца и педофилија во Република Македонија со предлог-мерки, Владата на РМ го задолжи Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи, да изготви Акционен план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија, кој има за цел да обезбеди средства и механизми за спроведување на помошта и заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија и воспоставување и унапредување на координиран систем на соработка меѓу владините институции и меѓу владиниот и невладиниот сектор, опфаќајќи ги сите области кои ја покриваат оваа проблематика и ќе придонесе за намалување и справување со последиците од оваа појава, преку подигање на свесноста, преземање на превентивни мерки, обезбедување на координирана и ефикасна заштита, помош, рехабилитација и реинтеграција на децата-жртви на сексуална злоупотреба.

другото, во фаза на изготвување е Национална програма со акционен план за превенција, спречување и заштита на децата и младите од нелегални активности и содржини на интернет, кои ќе содржат: правни реформи, превенција, мерки за помош и заштита на жртви, мерки и програма за третман на лицата осудени за дела за сексуална злоупотреба на деца и педофилија, координација на надлежните служби со невладини организации и меѓународна соработка, континуирана едукација на кадри, единствена евиденција, мониторинг и евалуација.

Она што недостасува во пракса во насока на доследна примена на законските одредби е обука на професионалците за одредбите од КПД и двата факултативни протоколи кон КПД, како и другите меѓународни договори кои се однесуваат на правата на децата, кодификација на законските акти од областа на правата на децата во еден систематизиран правен акт, едукација на децата како да препознаат и како да се заштитат од можни обиди на сексуално насилство и експлоатација, дополнителна едукација за наставниците и родителите за да ги препознаат специфичните знаци кога детето е жртва на сексуална експлоатација, охрабрување на децата да ги пријавуваат обидите за сексуална злоупотреба, како и обука во која ќе бидат дадени насоки за децата - што можат да сторат сами ако се најдат во опасна ситуација и со кого да разговараат за тоа и најважно од сè, креирање на оперативна институционална рамка за заштита на децата од ваков облик на злоупотреба. Тоа значи дека севкупната законска регулатива за заштита на децата која е речиси детално разработена со интенција за строго казнување на сторителите, треба да добие хуманистичко-апликативен карактер кој се препознава по тоа колку со имплеметацијата на законите е обезбеден квалитет во системот на детска заштита, со цел унапредување на системот на општествена поддршка и создавање на услови за безбеден раст и развој на најмладите.

**Користена литература**

Бачановиќ, О. (2007/2008). Кривични дела на штета на малолетни лица. *Годишник на полициската академија*, *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје*, 1 - 19.

Calcetas - Santos, O. (2001). *Child Pornography on the Internet*. *Child Abuse on the Internet: Ending the Silence*. Paris: The United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization.

ECPAT International. (2006). *Protecting Children from Sexual Exploitation & Sexual Violence in Disaster & Emergency Situations: A guide for local & community based organizations*.

Hillingdon local safeguarding children board. (2015). *Child Sexual Exploitation Prevention and Intervention Strategy 2015*. London.

Камбовски, В. (2003). *Казнено право - посебен дел*. Скопје: Просветно дело АД.

Камбовски, В. (2011). *Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија*. Скопје: Матица Македонска.

Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето. (2010).

*Извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија*. Скопје: Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“.

Чачева, В., и Мирчева, С. (2010). *Запоставени и жигосани - Анализа на состојбата:*

*Сексуална злоупотреба на деца*. Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.

Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. *Службен весник на Република Македонија* 7/2008.

Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. *Службен весник на Република Македонија* 114/2009.

Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. *Службен весник на Република Македонија* 27/2014.

Закон за кривичната постапка, *Службен весник на Република Македонија бр*. 150/10, 100/12.

Кривичен законик на Република Македонија, *Службен весник на Република Македонија бр*. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15.

Council of Europe. *Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse* 2007.

United Nations. *Convention on the Rights of the Child* 1989.

United Nations. *Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on the Sale of Children, Child Pprostitution and Child Pornography* 2000.

http://www.oprah.com/oprahshow/Child-Sexual-Abuse-6-Stages-of-Grooming